***Број: 02 - 23012/2***
***14.11.2008 година*** ***П Р Е Д Л О Г***
***С к о п ј е***

## *ЗАПИСНИК*
## *од XLIII -та седница на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*

*одржана на 14.11.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Златко Алексов, директор за јавни набавки (делумно присутен);*

- *Лидија Маркузанова, началник на одделението за човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Претседателот на Управниот одбор Снежана Костадиноска Милошеска, ја отвори седницата. Откако утврди дека се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XLII седница на УО одржана на 24.10.2008 година.*

1. *Договорни казни;*
2. *Распределба на буџети 2008;*
3. *Информација за буџетот за 2009 година;*
4. *Анализа на реализацијата на средствата на буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари - септември 2008;*
5. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
7. *Рати за договорните казни;*
8. *Приговори од областа на работните односи;*
9. *Разно.*

*По изложувањето на предлог - дневниот ред, Снежана Костадиноска Милошеска ги извести членовите на Управниот одбор дека до неа како претседател пред седницата се пристигнати две писма со кои се бара вклучување на две точки на дневниот ред. Едното писмо е од Министерот за здравство а другото од Лекарската комора на Македонија. Истакнувајќи дека Управниот одбор има завземено начелен став да не се разгледуваат материјали за кои не е добиено мислење од стручните служби на Фондот, побара членовите да се изјаснат дали двата предлози да бидат вклучени во дневниот ред. Исто така праша и дали има други предлози за дополнување на дневниот ред.*

*Фисник Ибраими објасни дека писмото од министерот е во врска со итни проекти односно инвестиции во јавни здравствени установи па поради тоа смета дека треба да биде вклучено во дневниот ред.*

*Страшо Наумоски пак рече дека писмото на Лекарската комора може да се разгледа и на наредната седница.*

*Ромела Поповиќ Трајкова побара во дневниот ред да се вклучи и разгледа и Предлог - Методологијата за утврдување на референтни цени на здравствени*

*услуги во специјалистичко консултативната и болничката здравствена заштита кој како материјал е доставен до членовите на Управниот одбор.*

*Страшо Наумоски побара разгледувањето на предлог - методологијата да се одложи за друга седница зашто со оглед на фактот што е доставена еден ден пред седницата, таа не била разгледана од стручните служби на Комората.*

*Директорот Тренкоски објасни дека оваа предлог – методологија е всушност доработен предлог на Лекарската комора па на Комората во основа и е позната.*

*Ромела Поповиќ Трајкова укажа дека е важно методологијата да се разгледа на оваа седница а доколку подоцна Лекарската комора на Македонија има некакви дополнителни забелешки, тие ќе може да се вметнат во неа.*

*По ова, Управниот одбор одлучи предлог – методологијата да се разгледа во рамките на точката разно.*

*Директорот Тренкоски предложи Управниот одбор да расправа и за специјалната болница за кардиохирургија Филип Втори која до крајот на месецот ќе го реализира буџетот за целата година. Ова е исклучително важно да биде разгледано. Покрај тоа, предложи под точката разно да се разгледа и Одлуката за изменување и дополнување на планот за јавни набавки на Фондот.*

*Лазар Трајчев предложи поради меѓусебната поврзаност, Управниот одбор заеднички да ги разгледа предложената точка 1 Договорни казни и точка 7 Рати за договорните казни.*

*По овие предлози за дополнување, Управниот одбор едногласно го усвои следниот*

***Д Н Е В Е Н  Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од XLII седница на УО одржана на 24.10.2008 година.*

1. *Договорни казни и плаќање на рати на договорните казни;*
2. *Распределба на буџети 2008;*
3. *Информација за буџетот за 2009 година;*
4. *Анализа на реализацијата на средствата на буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари - септември 2008;*
5. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
7. *Приговори од областа на работните односи;*
8. *Разно.*

*8.1 Жалба од Богоевска Горица*

8.2 *Барање за ослободување (плаќање на рати) на учеството за лекување во странство на Еленова Јована.*
8.3 *Постапки против тужените кои се иселиле во странство*
8.4 *Барање од ЈП „Комуналец“ од Гостивар*
8.5 *Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки*
8.6 *Барање на Министерот за здравство за проширување на Програмата за инвестициони вложувања во јавните здравствени установи за 2008 година*
8.7 *Предлог - Методологија за утврдување на референтни цени на здравствени услуги во специјалистичко консултативната и болничката здравствена заштита*
8.8 *Специјална болница за кардиохрургија Филип Втори - Скопје*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XLII седница на УО одржана на 24.10.2008 година.*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од XLII седница одржана на 24.10.2008 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Договорни казни и плаќање на рати на договорните казни;*

*Лазар Трајчев објасни дека во оваа година од околу деведесет здравствени установи е побарано да платат договорни казни заради контатирани прекршувања на договорот склучен со Фондот. Повеќе од половината веќе ги платиле а се пристигнати и повеќе барања за овозможување на плаќање на казната на рати. Во Фондот постојано пристигаат приговори упатени до Управниот одбор по кои се чека изјаснување. Затоа е и предложено Управниот одбор да ги разгледа овие приговори на еден принципиелен начин и да завземе став како да се постапи.*

*Директорот Тренкоски додаде дека воведувањето на договорните казни доведе до многу поголем ред и дисциплина во работењето на здравствените установи. Укажа и дека правно гледано нема никакви дилеми за спроведувањето на овој инструмент предвиден во договорите. Тоа од причина што работењето на здравствените установи со Фондот е уредено во тој единствен договор па тие треба да ги познаваат неговите одредби и да ги почитуваат. Додаде и дека за следната година ќе биде предложено висината на казната да се определува според висината на капитацијата со што таа би била соодветна на приходот што го остварува определена здравствена установа. Исто така се размислува и за воведување на опомена.*

*Снежана Костадиноска Милошеска истакна дека генерално важиме за општество во кое прописите и договорите се применуваат растегливо. Договорот е светиња и треба да се применува какко што е склучен. Поради тоа не гледа простор за толеранција односно разгледување на одделни*

*оправдувања за неспроведување на договорните одредби, бидејќи ако се оди во ширина, за секое неизвршување на договорот ќе се најде оправдување.*

*Љубиша Каранфиловски и Страшо Наумоски истакнаа дека според нив станува збор за овозможување на казнетите здравствени установи казната да ја платат на рати. Ова пак сметаат дека е оправдано и е во согласност со изразените мислења на членовите на Управниот одбор во други пригоди, дека договорните казни се утврдени на едно високо ниво и дека на некои здравствени установи им претставуваат огромен финансиски товар што не можат да го поднесат.*

*На нивната дискусија се придружи и Борис Јосифовски кој предложи и да се донесе заклучок за намалување на висината на договорните казни.*

*По ова, претседателот ја заклучи расправата и предложи Управниот одбор да го донесе следниот*

***Заклучок:** 1. Стручната служба на Фондот да изготви информација за бројот на договорните казни како и за прекршување на кои одредби од договорот помеѓу Фондот и здравствената установа најчесто се бара плаќање на договорна казна. 2. На оние казнети здравствени установи кои не можат без потешкотии да ја платат казната да им се овозможи плаќање на три рати. 3. За договорите за 2009 година да се подготви нов концепт на договорни казни.*

*Овој прелог на заклучок беше едногласно поддржан од членовите на Управниот одбор.*

***ТОЧКА 2 -** Распределба на буџети 2008*

*Снежана Костадиноска Милошеска предложи и тоа беше прифатено од останатите членови на Управниот одбор, оваа точка поради поврзаноста на материјата да се разгледува заедно со точката 4 од дневниот ред и тоа така што прво ќе се расправа по точката 4 - Анализа на реализацијата на средствата на буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари - септември 2008 а потоа и по точка 1 за буџетите на здравствените установи. Потоа побара со оглед на обемноста на анализата да се стави акцент на најважните точки.*

*Ромела Поповиќ Трајкова потоа ја елаборираше анализата и одговараше на прашања од членовите на Управниот одбор по одделни точки.*

*Снежана Костадиноска Милошеска констатирајќи од анализата дека е очигледно намлен приливот на придонеси, праша на што се должи тоа.*

*Одговори директорот Тренкоски кој истакна дека на тоа влијаеја и мерките на Министерството за финансии во врска со основицата за пресметување на придонесот. Во јануари имавме намален прилив зашто фирмите ги исплаќаат платите за јануари во декември.*

*Ромела Поповиќ Трајкова додаде дека макроекономските податоци добиени на почеток на годината од Министерство за Финансии врз основа на кои се проектираат приходите укажуваа дека ќе има зголемување. Додаде дека ако се спореди со истиот период од ланската година има зголемување на приходите но се помали од планираните поради нереално и оптимистичко планирање на порастот врз основа на макроекономските показатели.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали е намален бројот на обврзници и каква е контролата на наплатата односно дали компаниите го плаќаат придонесот.*

*Директорот Тренкоски наведе дека може да се види зголемување на наплатата што сигурно е резултат на мерките што се воведоа во подрачните служби. Значи постои нагорен тренд.*

*Лазар Трајчев додаде дека значително е зголемена наплатата на заостанатите придонеси. Тоа е постигнато со подобра контрола на пресметувањето на придонесите и со водењето на судски постапки против должниците. Со воведувањето на интегрираната наплата на придонесите се очекува уште подобра реализација на наплатата.*

*Снежана Костадиноска Милошеска постави прашање и за проблемите со реализацијата на програмите кои се провлекуваат со години station наназад како и за плаќањата по меѓународните конвенции.*

*Ромела Поповиќ Трајкова укажа дека Министерството за здравство на почетокот на годината ги поднесува програмите до централниот буџет и дека проблем е што некогаш се предлагаат и нереални програми. Указа дека во Министерството за Здравство при подготвување на програмите треба да учествува и ФЗОМ поради подобра реална слика на видот и обемот на услуги кои би се планирале како по програмиза следната година.*

*Лазар Трајчев објасни дека кај меѓународните конвенции плаќањата не се рамномерно распоредени во текот на годината па затоа и од прикажаните податоци не може да се добие прецизна претстава.*

*Ромела Поповиќ Трајкова потоа рече дека приходната страна во текот на целата година потфрлила. Но тоа е пред се резултат на оптимистичката проекција на макроекономските показатели за годината а не на покажани слабости во наплатата на придонесите.*

*Борис Јосифовски укажа дека со оглед на досегашните остварувања, за да се реализира предвиденото, треба во последното тромесечие да се остварат приходи за 20% поголеми од просекот на другите тромесечија.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека на Фондот му се одобрени дополнителни буџетски трансфери со ребаланспт за 2008.*

*Снежана Костадиноска Милошеска укажа дека е евидентно дека во здравствените установи се зголемени расходите по основ на плати и надоместоци. Дали ова се случува и во други земји.*

*И директорот Тренкоски се согласи дека зголемувањето е недозволиво и дека во однос на реалната сума за плати и надоместоци може да се смета дека околу 30 милиони евра се незаконски потрошени.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали контролорите на Фондот во јавните здравствени установи прават контрола на сопствените приходи на јавните здравствени установи. Укажа и дека дополнителната дејност е добар стимуланс но дека треба да биде строго контролирана.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одговори потврдно и додаде дека информација за дополнителна дејност на  јавните здравствени установи е разгледана од Владата при што се донесени заклучоци, но не се информирани сеуште ЈЗУ од Министерството за здравство. Заклучоците се во правец на тоа дека ЈЗУ и Министерството за здравство се задолжени да донесат стандарди за работното време, двосменско работење и сите потребни постапки што ќе уредуваат кои работи треба да се извршуваат во редовното работно време а кои дополнително.*

*Потоа се осврна на долговите на јавните здравствени установи.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали од самите јавни здравствени установи е побарано да план за исплаќање на долговите.*

*Фисник Ибраими праша дали средствата од ребалансот се доволни за сервисирање на нивните долгови.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека се очекува еден дел за сервисирање на долговите да остане за новата година.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали сега предложените буџетски плафони ќе бидат доволни за работењето на овие установи до крајот на годината на што доби потврден одговор од Ромела Поповиќ Трајкова.*

*На крајот од расправата, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година***

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени за здравствени услуги во областа на БПО извршени од Приватна здравствена установа со мешовита сопственост општа болница РЕ-МЕДИКА, Скопје во 2008 година***

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати за услуги извршени за здравствени услуги во областа на БПО извршени од Приватна здравствена установа специјалистичка ординација по гинекологија и акушерство ПЛОДНОСТ, Битола во 2008 година***

*со која се утврдија нови буџетски плафони за овие здравствени установи*

*Во врска со точката 4 за која се водеше заедничка расправа со точка 2, едногласно ја усвои Анализата на реализацијата на средствата на буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари - септември 2008.*

***ТОЧКА 3 -*** *Информација за буџетот за 2009 година*

*Оваа точка беше симната од дневниот ред поради отсуство на директорот Тренкоски кој требаше да даде известување во врска со неа.*

***ТОЧКА 4 -*** *Анализа на реализацијата на средствата на буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари - септември 2008.*

*Анализата беше разгледана заедно со точка 1 при што Управниот одбор едногласно ја усвои Анализата на реализацијата на средствата на буџетот на Фондот и буџетите на јавните здравствени установи за периодот јануари - септември 2008.*

***ТОЧКА 5 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Слаѓана Пешевска објасни дека предложената измена на систематизацијата е заради подобра организациона поставеност на правниот сектор. Главната новина е што се пренесува пониско во хиерархиската поставеност одлучувањето за определени прашања. Тоа се прави во рамките на постоечките вработени.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 6 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев во врска со овој предлог правилник објасни дека предложената измена е во врска со издавањето на лековите на рецепт. Таа најмногу се однесува на хроничните болни за кои терапијата е позната за подолг период, па за нив се овозможува да добијат рецепт однапред но со назначена дата кога лекот може да го подигнат.*

*Фисник Ибраими истакна дека и Министерството за здравство ја поддржува измената во таа насока, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

***ТОЧКА 7 -*** *Приговори од областа на работните односи*

*Од причина што материјалите за оваа точка не беа поделени до почетокот на седницата, Управниот одбор одлучи нејзиното разгледување да се одложи за наредната седница.*

***ТОЧКА 8 –*** *Разно*

*8.1 Жалба од Богоевска Горица*

*Во врска со жалбата на Богоевска Горица заради неодобрување на придружник за време на нејзиното лекување (рехабилитација) во Негорски бањи објаснување даде Лазар Трајчев. Тој објасни дека правото на придружник на осигурено лице на товар на средствата на Фондот е регулирано со членот 65 и членот 76 од Правилникот за содржината и начинот за остварување на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување и се однесува само за придружник на дете до едногодишна, односно тригодишна возрасат при лекување во болнички услови. Фондот, имајќи ја во вид здравствената состојба во која се наоѓа жалителката, може само неформално да контактира со Негорски бањи и да ја испита можноста Негорски бањи да овозможат присуство на придружник на нивни товар.*

*Борис Јосифовски укажа дека треба да се преиспитаат прописите кои уредуваат кој има право на придружник поаѓајќи од фактот што на некои лица како на жалителката во овој случај им е дури и повеќе потребен придружник при лекувањето отколку на дете до тригодишна возраст.*

*Лазар Трајчев пак објасни дека и да се изврши измена, таа ќе важи за во иднина а дека сега треба да се конкретниот случај на кој мора да се примени актуелната регулатива.*

*По ова, Управниот одбор го прифати објаснувањето и се согласи да се направи обид во контакт со Негорски бањи да се побара решение за барањето на жалителката.*

*8.2 Барање за плаќање на рати на учеството за лекување во странство на Еленова Јована.*

*Во врска со барањето за овозможување на плаќање на рати на учеството за лекување во странство за Еленова Јована поднесено од нејзините родители, со оглед на нивната социјална положба и фактот дека лекувањето завршило со смрт, Управниот одбор одлучи да се овозможи учеството во висина од 29.000,00 денари да се плати на 12 месечни рати.*

*8.3 Постапки против тужените кои се иселиле во странство*

*Лазар Трајчев објасни дека во судските постапки за наплата на придонес за здравствено осигурување адвокатите на Фондот се среќаваат со ситуации кога должникот е иселен во странство. Во ваквите случаи, тужителот – Фондот треба да ги авансира трошоците за поставување на привремен застапник на должникот заради доведување на постапката до крај. Проблем е што се до завршувањето на постапката, Фондот не може да знае дали од тужениот ќе може да се наплати долгот и трошоците на постапката. Затоа, адвокатите на Фондот бараат мислење како да се постапува кај ваквите предмети.*

*Горан Коевски укажа дека треба да се поведе сметка за соодносот помеѓу трошоците на постапката и висината на побарувањето на Фондот.*

*Снежана Костадиноска Милошеска побара во врска со тоа да се изготви анализа па потоа Управниот одбор да може да завземе став.*

*И останатите членови на Управниот одбор го поддржаа овој предлог па Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:** Да се изготви анализа за соодносот помеѓу трошоците на постапката и висината на побарувањето што го има Фондот спрема должниците кои се иселиле од Република Македонија по што Управниот одбор повторно ќе го разгледа ова прашање.*

*8.4 Барање од ЈП „Комуналец“ од Гостивар*

*Во врска со поднесеното барање на ЈП Комуналец - Гостивар за исплата (враќање) на 587.872,00 денари, кои ЈП Комуналец - Гостивар ги има плаќано на Медицинскиот центар во Гостивар за лекување на своите вработени во текот на 2005 година, кога не се плаќани придонесите за задолжително здравствено осигурување за вработените на ЈП Комуналец - Гостивар објаснување даде Лазар Трајчев.*

*Тој објасни дека правата од задолжителното здравствено осигурување се остваруваат во управна постапка и дека се работи за лично право на осигуреникот од задолжителното здравственото осигурување па истото може*

*да го остварува само осигуреното лице а не и работодавачот односно обврзникот за плаќање на придонес.*

*Во конкретниот случај барање за рефундирање (враќање) на средства платени за извршена здравствена заштита во здравствена установа ќе може да поднесат само  осигурените лица, врз основа на приложена медецинска документација и документација за платени здравствени услуги но отако обврзникот за плаќање на придонесот - ЈП Комуналец ќе го плати долгуваниот придонес.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно одлучи да се одбие барњето на ЈП Комуналец - Гостивар за исплата (враќање) на 587.872,00 денари.*

*8.5 Одлука за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки*

*Објаснување за оваа точка даде Златко Алексов. Тој објасни дека се предложени мали измени како резултат на спроведените постапки за јавни набавки како и заради потреби кои се укажале во текот на работењето на Фондот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор ја донесе предложената*

***Одлука***
***За изменување и дополнување на Планот за јавни набавки***

*8.6 Барање на Министерот за здравство за проширување на Програмата за инвестициони вложувања во јавните здравствени установи за 2008 година*

*Барањето го образложи Фисник Ибраими. Кажа дека повеќе здравствени установи се обратиле до министерот со укажување на потребите за набавка на одредена опрема. Поради тоа, министерот за оние барања за кои потребата е ургентна се обраќа до Управниот одбор на Фондот со барање да бидат одобрени средства со измена на Програмата за инвестициони вложувања.*

*Ромела Поповиќ Трајкова додаде дека е пристигнато и барање од Здравствен дом Кратово за набавка на шпалт ламба. Укажа меѓутоа дека капиталните трошоци се посебна ставка која оди на парламент а освен тоа средствата од програмата за инвестиции се веќе реализирани.*

*По ова, Љубиша Каранфиловски предложи за инвестициите предложени од министерот како и за барањето од Здравствен дом Кратово да се одобрат средста ако за таа намена може да се обезбедат на крајот од годината.*

*Останатите членови на Управниот одбор се согласија со предлогот, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *За инвестициите предложени од министерот како и за барањето од Здравствен дом Кратово за набавка на шпалт ламба да се одобрат средства ако за таа намена може да се обезбедат на крајот од годината*

*8.7 Предлог - Методологија за утврдување на референтни цени на здравствени услуги во специјалистичко консултативната и болничката здравствена заштита*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека со новиот систем на плаќање на услугите се укажува потреба и од нова методологија за утврдување на референтни цени на здравствени услуги во специјалистичко консултативната и болничката здравствена заштита. Во неа е прикажано по која методологија се утврдуваат цените и тие се усогласени со вкупните трошоци.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали во цените се вклучени и трошоците за плати и додаде дека во тој случај заради зголемувањето на платите во здравството ќе се зголемат и референтните цени. Додаде дека не е во ред надуените плати да влезат во цената.*

*Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека вклучувањето на платите во трошоците кои влегуваат во референтната цена е неминовно. Висината на платите во методологијата се релативизира со земање на средна вредностна цената на трудот на сите нивоа.*

*Љубиша Каранфиловски го изрази својот став дека усвојувањето на методологијата е важен чекор и додаде дека во врска со референтните цени на здравствените услуги е многу важно и донесувањето на закон за квалитет на здравствените услуги.*

*По ова, претседателот ја стави предлог методологијата на гласање. Пет членови на Управниот одбор гласаа за уссвојување на методологијата а Страшо Наумоски беше воздржан. На тој начин Управниот одбор донесе*

***Методологија***
***за утврдување на референтни цени на здравствени услуги во специјалистичко консултативната и болничката здравствена заштита***

*8.8 Специјална болница за кардиохрургија Филип Втори - Скопје*

*Во врска со прашањето за извршените операции во Специјалната болница за кардиохрургија Филип Втори од Скопје со кои е исполнет буџетот за 2008 година, Управниот одбор одлучи да се разгледува на наредната седница за кога да се покани и директорот на болницата Д-р Жан Митрев да ги даде потребните објаснувања.*

*По исцрпувањето на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор во 13.00 ч. ја заврши работата на XLIII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Снежана Костадиноска Милошеска***